**20091202289**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНА КРИМИНАЛИСТИЧКО - РАЗУЗНАВАЧКА БАЗА НА ПОДАТОЦИ**

Се прогласува Законот за Национална криминалистичко - разузнавачка база на податоци,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 септември 2009 година.

Бр. 07- 4160/1
29 септември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА НАЦИОНАЛНА КРИМИНАЛИСТИЧКО-РАЗУЗНАВАЧКА БАЗА НА ПОДАТОЦИ**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

Член 1

Со овој закон се уредуваат востановувањето и функционирањето на Националната криминалистичко-разузнавачка база на податоци, обработката на податоците во базата, безбедноста на податоците во базата, користењето на базата за цели на соработка со странски субјекти и надзорот над функционирањето на базата.

**Значење на изразите**

Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Податоци“ се лични податоци, податоци, информации и класифицирани информации што се однесуваат на активности што се предмет на криминалистичко-разузнавачки дејствија на започнато или извршено кривично дело, односно кривично дело за кое постојат основи за сомневање дека се подготвува, како и други податоци, информации и класифицирани информации добиени со криминалистичко-разузнавачки

дејствија што се од значење за водење постапки со цел за откривање и гонење на сторители на кривични дела;

2. „Криминалистички досиеја“ се организирани збирки на податоци за одредени лица, кривично-правни настани или криминални појави, формирани врз основа на аналитички пристап на обработка на податоци;

3. „Обработка на податоци“ е секоја операција или збир на операции што се изведуваат врз податоци, на автоматски или друг начин, како што е внесување, меморирање, организирање, менување, пребарување, анализирање, користење, чување, откривање, давање на користење, пренесување, преземање, разменување, повлекување, блокирање, бришење и уништување;

4. „Странски субјекти“ се странски државни и меѓународни органи, институции и организации, кои имаат надлежности во откривање и гонење на осомничени и сторители на кривични дела;

5. „Администрирање на базата“ е збир на мерки и активности за одржување на интегритетот на податоците во базата; обезбедување соодветно ниво на заштита и достапност на податоците; одржување, надгледување и заштита на системот за обработка на податоци; одржување, надгледување и заштита на мрежата за давање на користење податоци; дизајнирање и надгледување на перформансите на базата и спроведување на стандарди за употреба и безбедност на базата и

6. „Надлежни државни органи“ се органи на државна власт кои согласно со закон се надлежни да обработуваат и даваат на користење податоци.

(2) Изразите што се употребуваат во овој закон, чие значење не е дефинирано во ставот (1) на овој член, имаат значење утврдено со друг закон.

## II. ВОСТАНОВУВАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА КРИМИНАЛИСТИЧКО-РАЗУЗНАВАЧКА БАЗА НА ПОДАТОЦИ

### Востановување

Член 3

Во Министерството за внатрешни работи се востановува Национална криминалистичко-разузнавачка база на податоци (во натамошниот текст: Базата), како интегриран информационен систем.

### Функција на Базата

Член 4

Базата претставува интегриран информационен систем кој овозможува обработка и давање на користење податоци меѓу надлежните државни органи, како и размена со странски субјекти, со цел за спречување и откривање кривични дела согласно со закон.

### Содржина на Базата

Член 5

(1) Базата содржи податоци:

1) за лица за кои постојат основи за сомневање дека извршиле кривично дело, за осудени лица, како и за лица жртви на кривични дела за кои се гони по службена должност;

2) во врска со постоење основи за сомневање дека се подготвува, во тек е извршување или е извршено кривично дело, заради обезбедување податоци и докази неопходни за успешно водење на кривична постапка и

3) за одредени лица, кривично-правни настани или криминални појави организирани во криминалистички досиеја.

(2) Во согласност со ставот (1) точка 1 на овој член, Базата ги содржи само следниве лични податоци:

1) лично име и моминско презиме;

2) дадени имиња (псевдоними и прекари) или претпоставени имиња;

3) претходни лични имиња;

4) датум и место на раѓање;

5) живеалиште или престојувалиште;

6) државјанство;

7) пол;

8) броеви на трансакциски сметки, како и податоци за возачки дозволи, лични карти и патни исправи и

9) други карактеристики што можат да помогнат за идентификација, вклучувајќи специфични објективни физички карактеристики што не се предмет на дактилоскопски податоци и ДНК профил (утврден од некодираниот дел на ДНК).

(3) Во согласност со ставот (1) точка 2 на овој член, Базата ги содржи следниве податоци:

1) датум и место на извршување на кривично дело;

2) вид на кривично дело и негова правна квалификација;

3) опис на кривично дело;

4) назив на надлежниот државен орган или организациската единица која ги водела активностите со потребни контакт-податоци за истите;

5) лица на кои им е изречена правосилна судска пресуда;

6) предмети кои биле употребени за извршување на кривично дело или предмети за кои постојат основи за сомневање дека се употребени за подготвување на кривично дело;

7) физички и правни лица за кои постојат основи за сомневање дека биле или ќе бидат искористени за планирање, организирање, раководење и финансирање на криминална активност, односно искористени за прикривање криминални приноси и

8) други податоци што се од значење за спречување и откривање на кривични дела (податоци за возила, оружје, документи и друго).

(4) Криминалистичките досиеја можат да содржат одредени податоци од ставовите (2) и (3) на овој член, како и податоци за:

1) лица кои можат да бидат повикани во својство на сведок во судска постапка;

2) лица поврзани со осомничени или сторители на кривични дела;

3) оштетени, жртви или потенцијални жртви на кривични дела за кои се гони по службена должност и

4) лица кои можат да обезбедат информации за започнато или извршено кривично дело, односно кривично дело за кое постојат основи за сомневање дека се подготвува.

(5) Податоците од став (4) на овој член се обработуваат единствено кога тоа е потребно за целите на конкретното досие и тогаш кога истите ги дополнуваат податоците од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Нема да се обработуваат лични податоци со кои се открива расно или етничко потекло, политичко, верско, филозофско или друго уверување, членството во синдикална организација, како и лични податоци што се однесуваат на здравјето на луѓето или на сексуалниот живот, освен доколку обработката е нужно неопходна за целите на конкретно

криминалистичко досие и ако овие податоци ги надополнуваат другите лични податоци кои се веќе внесени во тоа криминалистичко досие.

**Надлежни државни органи за обработка на податоци од Базата**

Член 6

(1) Обработка на податоци од Базата вршат следниве надлежни државни органи:

1) Министерството за внатрешни работи;

2) Царинската управа;

3) Управата за финансиска полиција;

4) Јавното обвинителство и

5) Управата за јавни приходи.

(2) Управата за јавни приходи не може да ги обработува податоците од криминалистичките досиеја од членот 5 став (4) на овој закон.

(3) Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам може да врши пребарување, анализирање и користење на податоците за поднесени кривични пријави и казнена евиденција.

**Надлежни државни органи за давање на користење податоци**

Член 7

Давање на користење податоци преку Базата вршат следниве надлежни државни органи:

1) Министерството за внатрешни работи;

2) Министерството за правда;

3) Царинската управа;

4) Управата за финансиска полиција;

5) Јавното обвинителство;

6) судовите;

7) Управата за јавни приходи;

8) Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;

9) Управата за извршување на санкции и

10) Централниот регистар на Република Македонија.

**Класифицирање на податоците во Базата и постапување со класифицирани податоци**

Член 8

Класифицираните податоци што се внесуваат во Базата се со степен „интерно“ и истите се заштитуваат согласно со прописите за класифицирани информации.

**Обработка на лични податоци**

Член 9

(1) Личните податоци што се внесуваат во Базата можат да се обработуваат согласно со целите утврдени со овој закон и во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

(2) Личните податоци кои се вклучени во процесите на обработување и давање на користење податоци веднаш се бришат во случаите кога ќе се утврди дека не се точни,

или престанале причините, односно условите поради кои личниот податок е вклучен во тие процеси.

(3) Личните податоци содржани во Базата од нивното внесување, сé до нивното бришење смеат да се даваат под услови и на начин утврдени со овој закон и со прописите за заштита на личните податоци.

**Комисија за управување со Базата**

Член 10

(1) За обезбедување обработка на податоци и исполнување на стандарди за безбедност на Базата согласно со закон, како и за постигнување ефикасна координација меѓу надлежните државни органи се формира Комисија за управување со Базата (во натамошниот текст: Комисијата).

(2) Комисијата е составена од претседател, осум члена и нивни заменици.

(3) Претседателот на Комисијата и еден член и нивните заменици се јавни обвинители, двајца членови и нивните заменици се претставници на Министерството за внатрешни работи, а по еден член и негов заменик се претставници на Царинската управа, Управата за финансиска полиција, Управата за јавни приходи, Дирекцијата за заштита на личните податоци и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

(4) Претседателот на Комисијата, членовите и нивните заменици на предлог на Владата на Република Македонија ги избира Собранието на Република Македонија за период од пет години, со право на повторен избор, имајќи ја предвид содветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците.

(5) За претседател, член или нивен заменик може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да има работно искуство од најмалку пет години;

2) да е раководен работник и

3) да поседува соодветен национален безбедносен сертификат.

**Работи кои ги врши Комисијата**

Член 11

(1) Комисијата ги врши следниве работи:

1) одлучува за доделување и одземање на пристап, како и за нивото на пристап до Базата на лицата вработени во надлежните државни органи;

2) врши контрола над правилното функционирање и користење на Базата од страна на надлежните државни органи и лицата вработени во органите;

3) врши контрола над работата на Тимот за администрирање на Базата од членот 12 на овој закон;

4) врши безбедносно администрирање на Базата кое се однесува на управувањето со средствата, физичката безбедност и безбедносните функции за човечките ресурси;

5) донесува документација (правила, процедури и стандарди) за обезбедување тајност и заштита на податоците содржани во Базата и се грижи за нејзино спроведување;

6) изготвува извештаи за појави релевантни за безбедноста на Базата;

7) доставува информации до надлежните државни органи за безбедно функционирање на Базата;

8) ги координира активностите на надлежните државни органи во врска со обработката на податоците од Базата;

9) се грижи за унапредување на функционалноста на Базата и за примена на стандарди за користење на Базата;

10) се грижи за примена на одредбите на овој закон и подзаконските прописи предвидени со овој закон и

11) врши други работи утврдени со овој закон.

(2) Комисијата за својата работа донесува деловник.

(3) Административно-техничките работи на Комисијата ги врши Министерството за внатрешни работи.

(4) Комисијата еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Собранието на Република Македонија.

**Администрирање на Базата**

Член 12

(1) Во Министерството за внатрешни работи се формира Тим за администрирање на Базата (во натамошниот текст: Тимот).

(2) Тимот е составен од лица вработени во Министерството, и тоа координатор, заменик-координатор и членови.

(3) Надлежните државни органи се должни да определат овластено лице за администрирање на базите на податоци што надлежните државни органи ги водат согласно со закон, со цел за успешно функционирање на Базата.

III. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ВО БАЗАТА

**Пристап до Базата**

Член 13

(1) На лицата вработени во надлежните државни органи може да им биде доделен пристап до Базата доколку ги исполнуваат следниве услови:

1) имаат соодветен национален безбедносен сертификат и

2) работат на работни места за кои е утврдена конкретна потреба за користење на податоците од Базата, според принципот „потребно е да знае“.

(2) На лицата од ставот (1) на овој член им се одзема пристапот, ако:

1) повеќе немаат безбедносен сертификат;

2) повеќе не работат на работни места за кои е утврдена конкретна потреба за користење на податоците од Базата;

3) неовластено ги користат податоците од Базата и

4) не ги применуваат стандардите за безбедност на Базата.

(3) Начинот на доделување на пристапот, нивоата на пристапот, критериумите според кои се утврдува нивото на пристапот, времетраењето на пристапот, постапката за утврдување на престанување и за одземање на пристапот, на предлог на Комисијата ги уредува Владата на Република Македонија.

**Одговорност за обработка на податоци**

Член 14

(1) Надлежните државни органи се одговорни за обработка на податоците во Базата и за нивната вистинитост и автентичност.

(2) Лицата вработени во надлежните државни органи се должни, во најкраток можен рок, да ги внесуваат податоците во Базата до кои дошле во нивното работење.

(3) Доколку надлежниот државен орган утврди невистинитост на одредени податоци што се внесени во Базата од негова страна, веднаш за тоа го известува Тимот и пристапува кон бришење на податоците.

(4) Само надлежниот државен орган што ги внел податоците може да ги менува, брише и уништува невистинитите податоци.

(5) Во случај кога надлежните државни органи во Базата внеле различни податоци за исто лице, субјект или настан, ќе се консултираат меѓусебно за да се утврди кои податоци се невистинити.

(6) Доколку надлежните државни органи преку меѓусебни консултации не можат да утврдат кои податоци се невистинити, за тоа одлучува Комисијата.

(7) Надлежните државни органи задолжително соработуваат со Тимот кога ќе се утврди постоење на потреба од менување, односно од бришење и уништување на податоци од Базата.

**Начин на обработка и рокови на чување на податоците во Базата**

Член 15

(1) Податоците во Базата се обработуваат исклучиво за целите пропишани со овој закон.

(2) Податоците во Базата се чуваат за период неопходен за остварување на целите за кои податоците се собрани, но најмногу три години од денот на нивното внесување во Базата.

(3) Заради вршење оцена на потребата од натамошно чување на податоците, три месеца пред денот на истекот на рокот на чување на податоците, Базата автоматски го известува надлежниот државен орган што ги внел податоците.

(4) Оцената од ставот (3) на овој член ја врши Комисијата на образложено барање од страна на надлежниот државен орган што ги внел податоците во Базата, кој приложува докази за правната основаност на барањето за продолжување на рокот за чување на податоците, согласно со закон.

(5) По истекот на рокот на чување од ставот (2) на овој член, доколку Комисијата не донесе одлука за продолжување на рокот за чување на податоците, истите автоматски се бришат од Базата.

(6) Криминалистичките досиеја се чуваат во Базата сé додека не се оствари целта поради која истите биле формирани, но најмногу три години од денот на нивното формирање. Пред истекот на рокот од три години, Комисијата ја разгледува потребата од продолжување на периодот на чување на досието. Кога е неопходно за остварување на целите на досието, Комисијата може да одлучи досието да се чува за дополнителен период од три години.

(7) Кога ќе се утврди дека целта поради која податоците се внесени во Базата е исполнета, односно кога ќе се утврди дека причините поради кои податоците се внесени во Базата престанале, истите веднаш се бришат од Базата од страна на надлежниот државен орган од членот 14 став (4) на овој закон.

(8) Начинот на обработка и чување на податоците во Базата, на предлог на Комисијата, ги уредува Владата на Република Македонија.

**Обврска за чување на тајноста на податоците**

Член 16

Лицата вработени во надлежните државни органи на кои им е доделен пристап до Базата се должни да ја чуваат тајноста на податоците до кои дошле во својата работа, како за време на нивниот работен однос во надлежните државни органи, така и по неговото завршување, а кои претставуваат лични податоци или класифицирани информации во согласност со закон.

**Право на пристап и исправка на лични податоци**

Член 17

(1) Секој субјект на лични податоци има право на пристап и исправка на неговите податоци содржани во Базата.

(2) Субјектот од ставот (1) на овој член правото на пристап и исправка на неговите податоци содржани во Базата го остварува под услови и на начин утврдени со посебен закон.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, на субјектот на лични податоци нема да му се обезбеди право на пристап до податоците, доколку тоа е неоходно за спречување и откривање на кривични дела, односно кога тоа е неопходно за заштита на субјектот на лични податоци или на правата и слободите на други лица.

**Надоместок на штета**

Член 18

(1) Ако субјектот на лични податоци претрпел штета од неовластена обработка на лични податоци во Базата, во тој случај надлежниот државен орган што ги обработувал тие податоци е должен на субјектот да му ја надомести претрпената штета.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член субјектот на лични податоци правото на надоместок на претрпена штета го остварува со поднесување на тужба за надоместок на штета до надлежниот суд.

(3) Тужбата од ставот (2) на овој член се поднесува против Република Македонија.

(4) Средствата од ставот (1) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

## IV. БЕЗБЕДНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ ВО БАЗАТА

**Безбедност на податоците во Базата**

Член 19

(1) Надлежните државни органи се должни согласно со закон да ги преземат сите неопходни технички и организациски мерки за да обезбедат заштита, односно безбедност на податоците кои ги обработуваат во Базата, како и мерките од ставот (2) точки 1, 2, 6 и 7 на овој член.

(2) Тимот презема соодветни технички и организациски мерки за безбедност на податоците во Базата, особено со цел за:

1) одбивање пристап на неовластени лица до опремата за обработка на податоците;

2) спречување на неовластена обработка на податоци;

3) управување со процесот на криптирање на податоците;

4) прегледување и откривање на записите (log) за сите извршени операции во системот за обработка на податоци;

5) обезбедување на резервни копии (backup) на податоците со цел за обновување на податоците (recovery) во случај на блокирање (испад) или неправилно функционирање на системот;

6) обезбедување на правилно функционирање на Базата во случај на промена на системите за обработка на податоци и

7) спроведување на безбедносната документација донесена од Комисијата.

## V. КОРИСТЕЊЕ НА БАЗАТА ЗА ЦЕЛИ НА СОРАБОТКА СО СТРАНСКИ СУБЈЕКТИ

### Пренесување и разменување на податоци со странски субјекти

Член 20

(1) Со цел за меѓународна соработка во откривање и спречување на кривични дела, податоците содржани во Базата можат да се пренесуваат и разменуваат со странски субјекти.

(2) Пренесувањето и размената од ставот (1) на овој член се вршат врз основа на закон, меѓународен договор и членство во меѓународни институции и организации.

### Известување за невистинити податоци

Член 21

Доколку невистинити податоци се предмет на пренесување или размена со странски субјекти, надлежниот државен орган од членот 14 став (4) на овој закон, веднаш за тоа го известува странскиот субјект, при што податоците се бришат од Базата.

## VI. НАДЗОР НАД ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БАЗАТА

### Надзор од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци

Член 22

Дирекцијата за заштита на личните податоци врши надзор над обработката на личните податоци и нивната заштита, согласно со закон.

### Надзор од страна на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

Член 23

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации врши надзор над користењето, давањето на користење, пренесувањето и размената на класифицираните информации и нивната заштита, согласно со закон.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Неовластена обработка на податоци

Член 24

(1) Лицата вработени во надлежните државни органи кои неовластено внесуваат, не внесуваат или го попречуваат внесувањето на податоци во Базата, ќе се казнат со казна затвор од шест месеца до три години.

(2) Лицата вработени во надлежните државни органи кои намерно внесуваат невистинити податоци во Базата, не известуваат за внесени невистинити податоци или не бараат бришење на невистинити податоци, ќе се казнат со казна затвор од една до три години.

(3) Лицата вработени во надлежните државни органи кои соопштуваат, обработуваат или даваат на користење податоци од Базата спротивно на целите на овој закон, ќе се казнат со казна затвор од шест месеца до три години.

(4) Ако со делата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член лицата вработени во надлежните државни органи прибавиле имотна корист, предизвикале имотна штета или оштетиле друго лице, ќе се казнат со казна затвор од една до пет години.

(5) Обидот за делата од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член е казнив.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Рок за формирање на Комисијата

Член 25

Комисијата од членот 10 на овој закон ќе се формира во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Овластување за донесување подзаконски акти

Член 26

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 12 месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Влегување во сила

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2012 година.